**Влада на Република Македонија**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Врз основа на член 25-б став 1 и став 2 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15 и 98/15), по Одлука бр.22-9010/1 од 26.08.2015 година, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува

# Ј А В Е Н  П О В И К  бр.02/15
## за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост над 3 хектари

### I.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува јавен повик за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за сите катастарски општини во регионите Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Кратово, Крушево, Куманово, македонски Брод, Неготино, Охрид, Свети Николе, Струга, Струмица, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Тетово, Штип, Карпош, Кисела Вода, Гази Баба и Чаир.

Предмет на постапката од Дел I став 1 на овој јавен повик може да биде само слободно земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое нема востановено право на закуп, право на плодоуживање, за кое не се води постапка за денационализација или постојат други пречки за доделување на земјиштето во закуп.

Доколку предмет на понудата е земјоделско земјиште во државна сопственост на кое се подигнати долгогодишни насади истите треба да се со старост најмалку од три години.

### II.МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА

Површината за која што може еден понудувач самостојно со геодетски елаборат да достави понуда и да ја добие по јавниот повик е над 3 хектари.

### III.НАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАКУПОТ

Намената и времетраењето на закупот за кое се издава земјоделското земјиште во државна сопственост е за:

-подигање на долгогодишни насади (лозја, овоштарници, хмељ) и оранжерии за период до 30 години,
- подигање на долгогодишни насади со лешник за период до 70 години,
- подигање на маслинарници за период до 50 години,
- одгледување на други земјоделски култури за период до 15 години,
- ливади за период до 15 години,
-за одгледување на брзо растечки дрвја на земјоделско земјиште кое се наоѓа на надморска висина над 700 метри, за периодот до 30 години,
- рибници до 20 години и
- спортско-рекреативни активности и рурален туризам до 30 години.

## IV.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1)Право на учество на јавниот повик за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост имаат домашни физички и правни лица и странски правни лица.

2)Физичките лица од дел IV став 1 од овој јавен повик, треба да се регистрирани вршители на земјоделска дејност и/или запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства и/или да се трговец поединец на кои земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност.

3)Странските правни лица од дел IV став 1 од овој јавен повик, имаат право да учествуваат на јавен повик доколку имаат регистрирано подружници во Република Македонија.

4)На домашните и странските правни лица или нивните подружници земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност или земјоделското земјиште им е потребно за вршење на научно-истражувачки дејности.

5)Право на учество на јавниот повик и на поднесување на понуди во постапка со прибирање на понуди немаат лицата од дел IV став 1 од овој јавен повик, кои ги немаат намирено обврските по основ на закупнина по претходно склучени договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост.

6)Право на учество на јавниот повик немаат правни лица за кои е отворена стечајна постапка, како и непрофини организации.

## V.ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ ТРЕБА ДА ЈА ДОСТАВИ СО ПОНУДАТА

1)Учесниците на јавниот повик за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп треба да достават:

**а) за правни лица:**

-геодетски елаборат за кое земјоделско земјиште во државна сопственост се однесува понудата за добивање во закуп (изработен од страна на трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи со кој ги определуваат катастарските податоци со точни мери и граници на земјоделското земјиште во државна сопственост);

-понуда за износот на годишната закупнина (образец од подрачна единица на Министерството);

-доказ (акт) од Централен регистар на Република Македонија за извршениот упис во трговскиот регистар или од друг надлежн орган за упис на правни лица;

-доказ за намирени обврски по однос на придонеси на плати и плати за вработените (потврда издадена од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, потврда издадена од фонд за здрвавствено осигирување и уверение издадено од Управа за јавни приоди);

-бизнис план кој содржи основни податоци за учесникот, целта за која ќе го користи земјиштето, применета технологија, број на вработени, пзарни аспекти, очекувани производно-економски резултати и износ на планирана инвестиција;

-изјава (заверена на нотар) од основачите и одговорното лице во правното лице дека не биле основачи или управители на правно лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор;

-доказ за сопственост (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган).

-доказ за стекнато право на сопственост на долгогодишниот насад или нотарски заверена изјава дадена под кривична и материјална одговорност дека понудувачот го има подигнато долгогодишниот насад за кој доставува понуда и дека истиот е со старост од најмалку пет години и

-потврда од подрачна единица на Министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште.

**б)за физички лица:**

-геодетски елаборат за кое земјоделско земјиште во државна сопственост се однесува понудата за добивање во закуп (изработен од страна на трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи со кој ги определуваат катастарските податоци со точни мери и граници на земјоделското земјиште во државна сопственост);

-понуда за износот на годишната закупнина (образец од подрачна единица на Министерството);

-доказ за подмирени јавни давачки (уверение издадено од управа за јавни приходи);

-фотокопија од лична карта;

-програма за користење на земјиштето кое содржи основни податоци за семејството, техничко-технолошка опременост, целта за која ќе го користи земјиштето, пазарни аспекти и износ на планирана инвестиција;

-потврда за упис во единствениот регистар на земјоделски стопанства или решение за регистриран вршител на земјоделска дејност (издадено од подрачна единица при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или од фондот за пензиско и инвалидско осигурување за стекнато својство својство на осигуреник како индивидуален земјоделец) или доказ од Централен регистар за регистриран трговец поединец;

-изјава за веродостојноста на податоците дадени со понудата заверени на нотар;

-изјава заверена на нотар дека не бил основач или одговорно лице во правно лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор;

-доказ за стекнато право на сопственост на долгогодишниот насад или нотарски заверена изјава дадена под кривична и материјална одговорност дека понудувачот го има подигнато долгогодишниот насад за кој доставува понуда и дека истиот е со старост од најмалку пет години;

-доказ за сопственост (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган) и

-потврда од подрачна единица на Министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште.

2)Некомплетни и ненавремено доставени понуди по јавниот повик нема да се разгледуваат.

3)Потребната документација се доставува во оригинал или во фоткопија заверена на нотар.

## VI. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКА

Банкарска гаранција за учество во постапката ќе треба да достават сите понудувачи на огласот и тоа заедно со понудата.

Банкарската гаранција за учество во постапката мора да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на првиот повик со важност од 120 дена сметано од последниот ден за поднесување пријави за учество на јавниот оглас.

Банкарската гаранција за учество треба да е во висината на понудената годишна закупнина за географската целина но не пониска од почетната цена утврдена во јавниот оглас.
Банкарската гаранција треба да биде издадена од банка со седиште во Република Македонија.
Банкарската гаранција се уплатува на:
- трезорска сметка на Република Македонија;
-банка на примачот: Народна Банка на Република Македонија;
-сметка: 100000000063095;
-сметка на буџетски корисник: 630010001963019;
-приходна шифра: 725933 (Приходи од активирани банкарски гаранции);
Во рок од 14 дена по донесувањето на одлуката за избор на најповолен понудувач за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, на понудувачите кои учествувале во постапката, а не се избрани како најповолни понудувачи им се враќа банкарската гаранција.
Банкарската гаранција за учество во постапката на избраниот понудувач ќе му биде вратена откако ќе го потпише договорот и ќе достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.
Банкарската гаранцијата за учество во постапката се наплаќа доколку:
-избраниот понудувач одбие да го потпише договорот согласно со условите од јавниот оглас или потпишувањето на договорот го условува со измени или дополнувања кои не се предвидени во огласот,
- учесникот во текот на постапката ја повлече понудата или
-избраниот понудувач не предаде банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## VII.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Комисијата врши избор на најповолен понудувач врз основа на следните критериуми утврдени во член 25-а и член 27 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15 и 98/15) и член 4 од Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/08, 26/12, 02/13,158/13, 110/15, 120/15 и 129/15) и тоа:
Големината на површината на земјоделското земјиште во државна сопственост за која може да се поднесе пријава и која може да се даде под закуп на еден учесник, се утврдува врз основа на минимално материјално-техничката опременост на понудувачот и бројот на планирани вработени односно вработени според бизнис планот и тоа:
-за површина до 50 хектари-најмалку 1 трактор од ласна категорија (до 80kv) и најмалку еден планиран вработен во редовен работен однос;
-за површина до 100 хектари-најмалку 2 трактори од ласна категорија (до 80kv) или најмалку 1 средна (од80 до 120kv) и најмалку 2 планирани вработени во редовен работен однос;
-за површина до 150 хектари-најмалку 4 трактори од ласна категорија (до 80kv) или најмалку 2 средна или најмалку 1 тешка (над 120kv) и најмалку 4 планирани вработени во редовен работен однос;

-за површина над 150 хектари, бројот/ капацитетот на механизацијата сразмерно да расте со големината на површината која ќе се обработува и на секој 50 хектари планиран по еден вработен во редовен работен однос.

Земјоделско земјиште со вкупна површини над 1000 хектари на еден понудувач, под материјално техничката опременост се подразбираа предвидени капацитети за соодветно земјоделско производство согласно бизнис планот, за кој пред склучување на договорот за закуп се доставува изјава од понудувачот за реализација на бизнис планот и банкарската гаранција за исполнување на бизнис планот.

## VIII. НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПОНУДЕНА ГОДИШНА ЗАКУПНИНА

1)Најнискиот износ на понудена годишна закупнина по хектар кој можат да го понудат заинтересираните понудувачи е во висина на просечна годишна закупнина во регионот за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп постигната во последните три години.

2)Најнискиот износ на годишна закупнина по хектар кој можат да го понудат заинтересираните понудувачи за:

| Р.број | Регион | Просечна закупнина во регионот (ден/ха) | Р.број | Регион | Просечна закупнина во регионот (ден/ха) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 4.877,00 | 18 | Македонски Брод | 1.938,00 |
| 2 | Битола | 6.000,00 | 19 | Неготино | 6.800,00 |
| 3 | Валандово | 7.384,00 | 20 | Охрид | 5.582,00 |
| 4 | Велес | 4.620,00 | 21 | Свети Николе | 2.866,00 |
| 5 | Виница | 3.597,00 | 22 | Струга | 5.115,00 |
| 6 | Гевгелија | 5.852,00 | 23 | Струмица | 3.500,00 |
| 7 | Гостивар | 1.525,00 | 24 | Прилеп | 4.150,00 |
| 8 | Дебар | 1.891,00 | 25 | Пробиштип | 1.553,00 |
| 9 | Делчево | 4.530,00 | 26 | Радовиш | 5.826,00 |
| 10 | Демир Хисар | 4.000,00 | 27 | Ресен | 7.850,00 |
| 11 | Кавадарци | 5.350,00 | 28 | Тетово | 5.880,00 |
| 12 | Кичево | 750,00 | 29 | Штип | 2.805,00 |
| 13 | Кочани | 5.811,00 | 30 | Карпош | 3.247,00 |
| 14 | Крива Паланка | 3.250,00 | 31 | Кисела Вода | 4.231,00 |
| 15 | Крушево | 2.500,00 | 32 | Гази Баба | 4.700,00 |
| 16 | Куманово | 4.280,00 | 33 | Чаир | 12.508,00 |
| 17 | Кратово | 1.550,00 | | | |

3)Доколку не се исполнети условите од дел I став 2 на овој јавен повик, Комисијата ќе ја отфрли таквата понуда како недопуштена.

4)Понудите кои не ја содржат целата потребна документација, кои се поднесени по истекот на рокот за поднесување, означен коверт со кој би можел да се идентификува понудувачот, понуди помали од најнискиот износ на годишна закупнина, или се поднесени од лице кое нема право да поднесува понуди, како и понудите кои не се изработени според условите утврдени во јавниот повик се отфрлаат како некомплетни.

## IX.ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Образецот за учество на јавниот повик (понудата) се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од понудувачот.

Секој понудувач може да достави само еден оригинален образец (понуда).

Понудите со поднесуваат **во рок од 30 дена** од денот на објавувањето на јавниот повик во дневните весници кои се издаваат во Република Македонија, до Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

Понудите за земјоделското земјиште во државна сопственост за кое по службена должност Комисијата ќе утврди дека е востановено право на закуп, право на плодоуживање, за кое се води постапка за денационализација или постојат други пречки за доделување на земјиштето во закуп (објавени јавни огласи кои се во постапка и слично), Комисијата ќе ги отфрли како недопуштени.

Понудата и другата документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката ***„не отворај" Понуда по Јавен повик бр.02/15 за земјоделско земјиште под закуп во регион (се впишува регионот и катастарската општина)*** и во средина ***"Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија. бул.Илинден бр.2 Скопје" .***

Ковертот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот, односно испраќачот.

## X. ОБРАЗЕЦ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК (ПОНУДА)

Образецот за учество на јавниот повик (понуда), може да ссе подигне во подрачните единици на Министерството и истиот мора да се пополни со сите потребни податоци и да се достави со потребната документација во затворен коверт, <u>во спротивно понудата нема да биде разгледувана.</u>

## XI.ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За допонителни информации понудувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон: 02-3134477 или да ја посетат веб страната на Министерството www.mzsv.gov.mk